# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 ноември 2008 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13, 36 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски :** Дами и господа пратеници,

Продолжувуваме со Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Кенан Хасипи, Иван Стоиљковиќ, Јован Манасиевски, Горан Ѓуровски, Љиљана Затуроска, Амди Бајрам, Весна Бендевска, Андреј Петров, Фијат Цановски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Мерал Узеири Ферати, Имер Селмани, Сулејман Рушити, Али Ахмети, Џеват Адеми, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 9. - Предлог за донесување на закон за задолжување согласно договорот за регулирање на долгот на Македонски железници, транспорт АД Скопје, како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991 - 1995 година, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

За збор се јави и има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пратеници, донесувањето на Законот за задолжување е неопходен за регулирање на долгот на македонски железници, транспорт АД Скопје, како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991 - 1995 година.

Согласно планот за поделба на капиталот средства, права и обврски вработените на Македонски железници СО Скопје, обврските спрема странските железнички претпријатија припаднаа на Македонски железници Транспорт АД Скопје и истите произлегуваат од редовно работење меѓу македонски железници и друга странска железница по основ на обавување на железнички превоз врз основа разменети железнички пресметки согласно меѓународни прописи утврдени од страна на меѓународното здружение на железници. Долгот што треба да биде уплатен од страна на Македонски железници Транспорт АД Скопје, кон Унгарски железници МАВ СА во вкупен износ од 2.408.000.707 евра и се состои од два компоненти. Камата на долгот од 7 милиони и 39 илјади евра за период од 1991 година до 1995 во висина од 2,117%. Тоа е разлика меѓу висината на каматата која ја побарува МАВ во износ од 5,684% годишно до визина на камата за која Владата на Република Македонија е спремна да издаде државна гаранција во износ од 3.567% годишно односно во износ од 397.707 илјади евра.

Втората компонента е камата на долгот од 14 милиони 365 илјади евра во висина од Еуролибор 3М, 3,567% во износ од 2 милиони и 11 илјади евра за период од 1.04.2003 година до 31.12.2007 година што ќе се исплати во период од три години со определена динамика и тоа 2008, 2009 и 2010 година.

Вкупниот износ од 2 милиони 487 илјади евра Македонски железници Транспорт АД Скопје ќе го плаќа на 5 години тромесечно. За овој долг Република Македонија нема да издава државна гаранција.

Во таа насока сакам да напоменам дека по донесување на законот Македонски железници транспорт АД Скопје, согласно член 25 од Законот за јавен долг ќе склучи договор за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на Јавното претпријатие Македонски железници Скопје, кон Унгарски железници за периодот 1991-1995 година.

Согласно законот за јавен долг предуслов за склучување на горенаведениот договор е донесување на Закон за задолжување од страна на Собранието на Република Македонија. За таа цел Владата на Република Македонија го доставува овој предлог за донесување на закон за задолжување согласно договорот за регулирање на долгот на Македонски железници, транспорт АД Скопје, како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991 - 1995 година, со Предлог на закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување согласно договорот за регулирање на долгот на Македонски железници, Транспорт АД Скопје, како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991 - 1995 година, со Предлог на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за гласаа 64, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор. Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на Законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратенци, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за задолжување согласно договорот за регулирање на долгот на Македонски железници, Транспорт АД Скопје, како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991 - 1995 година.

**Минуваме на точката 10. - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските од Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје, како правен следбник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991-1995 година, со предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарарам претседателе.

Заради нередовно плаќање на искористените услуги Македонски железници има долг кон Унгарски железници МАВ СА во висина од 14 милиони 365 илјади 474 евра за период од 1991-1995 година.

Согласно претходно потпишаниот глобален договор меѓу Македонски железници Транспорт АД Скопје и Меѓународното здружение на железници на 15.07.2004 година со кој се утврдени условите за регулирање на долгот што треба да го плати македонски железници кон странските железнички претпријатија, подготвен е договор за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје како правен следбеник на Јавното претпријатија Македонски железници Скопје кон Унгарски железници за период од 1991 до 1995 година.

Според условите во договорот за регулирање на долгот, Унгарски железници се откажуваат од 51% од Долгот од 14 милиони 365 илјади и 474 евра утврден со глобалноит биланс на Меѓународното зружение на железници, така што конечниот долг кој Македонски железници треба да го плати кон Унгарски железници изнесува 7 милиони и 39 илјади евра за време од пет години, како и камата од 3,567% годишно во износ од 677 илјади и 615 евра односно вкупно 7 милиони 716 илјади 697 евра.

Сакам да напоменам дека Унгарски железници постави услов дека го прифаќа договорот само доколку тој е гарантиран од страна на Република Македонија, така што со цел да се реализира договорот кој под добри услови знасчи со намалување од 51% на долгот и да се регулираат обврските на Македонски железници кон доверителот, потребно е донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските произлезени од него. Изнаоѓање на начин на трајно регулирање на обврските на Македонски железници е задача која што произлегува од акциониот план за трансформација на Македонски железници.

Со Предлог на законот Република Македонија презема обврска за измирување на доспеаните плаќања по главница и камата во случај Македонски железници да не ги сервисира во целост и навремено да ги плаќа своите обврски.

Исто така, сакам да напоменам дека по донесување на Законот Република Македонија ќе склучи договор за гаранција со Унгарски железници, додека пак Македонски железници Транспорт АД Скопје ќе склучи договор за регулирање на долгот на Македонски железници транспорт АД Скопје како правен следбеник на Јавното претпријатие македоски железници Скопје кон Унгарски железници за период од 1991 до 1995 година.

Согласно законот за јавен долг предуслов за склучување на горенаведениот договор е донесување на закон за гаранција од страна на Собранието на Република Македонија.

За таа цел Владата на Република Македонија достави Предлог за донесување на закон за гаранција согласно со овој договор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските од договор за регулирање на долгот

на Македонски железници Транспорт АД Скопе како правен следбеник на ЈП Македонски железници Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период 1991 - 1995 година.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на Законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријаваат за збор.

Бидејќи немам пријавено за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеници, сите 72 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за гаранција на Република Македонија на обврските од Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници Транспорт АД Скопје, како правен следбеник на ЈП Македонски железници, кон Унгарски железници МАВ СА, за период 1991-1995 година.

**Минуваме на точка 11. - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување наспортските натпревари, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријаваат за збор.

Благодарам.

За збор се јавија господинот Диневски Менде, заменикот министер за внатрешни работи, господинот Незири Сафет и господинот Алити Рафиз.

Има збор заменикот министер за внатрешни работи, повелете.

**Џеват Бучи:** Благодарам претседателе,

Со овој закон за измена и дополнување на Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари се врши усогласување на овој закон со Законот за прекршоци кој беше донесен во 2006 година, каде што беа направени битни реформи на системот на прекршоците и прекршочните санкции.

Со ова усогласување се врши целосна имплементација односно операционализација на решенијата содржани во Зконот за прекршоците, каде освен Судот, прекршочна постапка може да поведе и санкции може да изрече и друг државен орган, како и институции кои вршат јавно овластување.

Со измените и дополнувањата на преметниот закон се проширува одговорноста и на други кои се одговорни за организирање на спортски натпревари, како што е и лицето одговорно кај организаторот како и се зголемува износот на паричната казна, односно глоба со новиот закон.

Освен тоа, со овој Предлог  на закон се врши и терминолошко усогласување, каде накои термини се усогласуваат со Законот за прекршоците каде, наместо казнени одредби, како што беше досега предвидено сега се делат овие прекршочни одредби, наместо парична казна по стариот закон, сега е глоба и како што беше глоба во денари, сега е глоба во девизи, односно во евра, т.е., во денарска против вредност. Овие се на кратки црти измените во овој Предлог закон и која е целта на овој закон со Предлог на закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа што, веројатно, господинот Менде Динески е на ред, дали сакате сега да зборувате, бидејќи има уште две минути до 14 часот?

**Менде Динески:** Да, сега сакам да зборувам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Менде Динески, повелете.

**Менде Динески:** Благодарам претседателе, почитувани колеги

Законот за спречување на насилство и недоследно однесување на спортски натпревари уредува прашања што се однесуваат на насилството и недоследното однесување на спортските натпревари, мерките за нивно спречување и осигурување на безбедноста на гледачите, натпреварувачите и другите учесници во спортските натпревари, како и обврските на организаторите.

Сите овие наброени сегменти се од исклучително значење да функционираат беспрекорно, меѓусебно координирани, навистина, кога се присуствува на еден натпревар, гледачите да уживаат во играта на клубовите.

Само во еден член од Законот за спречување на на насилствотото и недоследното однесување на спортските натпревари се спомнува улогата на Министерство за внатрешни работи. При тоа, сметам дека улогата на Министерство за внатрешни работи е суштинска за еден натпревар за да се одвива така како што е замислен. Многу пати заради задоцнетата реакција, заради недоволната проценка се

случувале непожелни сцени од кои сите сме се срамеле.

Навистина треба да се спомне дека измените не треба да се анализираат само од аспект на казнени одредби и нивната примена да се гледа од аспект на усогласување на овие одредби, со Законот за спречување на насилство и недоследно однесување на спортските натпревари со Законот за прекршоци.

Со овие измени на законот, покрај тоа што се воведуваат повисоки казни за организаторот за повеќе обврски кои произлегуваат од самиот закон, се воведуваат и казни за спортскиот клуб, како и одговорното лице на истиот.

Бидејќи насилството на нашите простори добива се понагласена димензија, казните навистина ќе бидат добра основа за подобрување на состојбите во овој сегмент.

Но со оглед на тоа дека знаеме дека финансиската кондиција на повеќето клубови во нашата земја, независно дали се работи за фудбал, ракомет, кошарка, проблемите со кои се соочуваат најголем дел од нив, при тоа, сакам да напомнам дека најголем дел од нив не можат да си ја платат ни котизацијата за учество во лигата. Ваквите казни, навистина, се сериозни и треба со посебно внимание да се изрекуваат.

Затоа, наместо да се изрекуваат само високи казни, согласно Законот кој го имаме, треба многу повеќе да се работи, или да се посвети внимание на превентивата, да се намали ризикот, појавување на насилство и недоследно однесување на спортските натпревари.

Мора да се обезбеди примарно однесување, како на клубовите, така и на навивачите да се разговара со нив, да се организираат средби на кои претходно ќе се усогласат сите прашања, бидејќи во принцип се работи за млади луѓе, кои во најголем процент се и малолетни.

Клубовите мора да ги организираат навивачите при нивното гостување, мора сериозно да се организираат и да се посвети внимание, кога се работи за спортски натпревари со зголемен ризик, како и утврдување на неопходните мерки за истите да завршат без никакви проблеми.

При ваквите натпревари, соработката со Министерство за внатрешни работи, мора да биде на највисоко ниво, да се спречи насилството и недоследното однесување за време на натпреварот.

Почитувани, ако навистина се прават кампањи, само да се задоволи нечија потреба, Владата да ги троши финансиските средства за кои во повеќе наврати сум говорел дека се нецелисходни, нека ги пренесе парите за да се подигне нивото на организираност на клубовите, како и нивото на организирање на спортските натпревари, со превенција, ќе го подигнеме нивото на организираноста, ќе го намалиме ризикот и стравот од посета на спортските натпревари, ќе го подигнеме рејтингот на федерациите, на нашите федерации во светот, ќе почнат да не препознаваат и почитуваат како сериозен партнер за организирање на големи манифестации.

При тоа, сакам да нагласам дека тоа ниту е лесно, ниту едноставно, тоа е период на кој треба сите заедно да работиме и да се надеваме дека само со еден сериозен пристап на таквото однесување, ќе се постигнат и сериозни резултати.

И на крајот, сакам да кажам дека СДСМ ќе ги подржи измените во Законот за спречување на насилство и недоследност во однесувањето на спортските натпревари, заради усогласување со Законот за прекршоци. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Тука ја прекинувам седницата и продолжуваме во 15,05 часот.

(Пауза од 14,05 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,13 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор господиниот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Мислам дека овој Предлог закон кој треба да се донесе и се надевам дека ќе се донесе во Собранието на Република Македонија е закон кој одговара на барањата на создадената состојба во земјите каде се одигруваат спортски натпревари. Сведоци сме на многубројни случаи во Република Македонија, но можеби е резултат на влијанието што се случува на спортските натпревари и надвор во регионот во Европа и пошироко каде на спортските натпревари се случуваат недолични нешта, почнувајќи од злоупотреба на спортски натпревари и употраба на насилство, употреба на разни недолични работа, нешто што не се согласно законот и спортското однесување каде се одигруваат спортските натпревари.

Сведоци сме во Република Македонија тоа што се случува и тоа што се случува надвор се одразува внатре во нашата држава. Мислам дека овој закон е во однос со санкциите на спортски натпревари, посебно од гледачите и симпатизерите кои учествуваат како гледачи или симпатизери на овие натпревари.

Од овој аспект во последно време сведоци сме на многу случаи на спортски натпревари каде по натпреварот или во текот на натпреварот се случуваат разни конфликти, тепачки, прекршувања на законот, сите тие кои се директни и непосредни учесници на овие спортски натпревари.

Мислам дека со оваа варијанта на глоба или санкција според законот кој е предложен, мислам дека на еден начин ќе влијае превентирно во надминување на одредени состојби на спортските натпревари.

Од причина што во последно време се појави една негативна појава, посебно на спортските натпревари кои се случуваат, одигруваат на спортските терени во Република Македонија често пати има меѓуетнички конотации. Ова се негативни појави за едно општествено и политичко уредување во нашата Република и затоа мислам дека со овој закон верувам дека е санирана актуелната и фактичката состојба која се случува на спортските натпревари во Република Македонија и мислам дека ќе се создадат предуслови да ги дисциплинираме и да се создаде еден спортски дух и спортска атмосфера, тука се спортсни арени, а не арени на непријателства и арени со негативни конотации.

Затоа јас ќе го подржам овој Предлог закон, истовремено како претседател на Комисијата за образование пошироко сум засегнат со оваа проблематика. Јас ќе го подржам овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Даут Рецепи, повелете.

**Даут Рецепи:** Благодарам господине претседател,

Јас ќе ја искористам оваа реплика затоа што не бев присутен на време да се пријавам за збор.

Ово закон е добар доколку би се спроведувал затоа што мислам дека само фрла прав на работите или на дефектите кои се јавуваат на спортските натпревари. Кога го имаме предвид фактот и сите ги затвораме очите пред тој факт дека на спортските натпревари има можеби повеќе политика.

Сакам да истакнам еден конкретен случај на 31 мај 2008 година спортскиот натпревар Вардар - Ренова, имаше неколку инсерти колку болни толку и навредувачки и тука Управата или луѓето кои беа вклучени на тој натпревар не видоа за упатно да го прекинат тој натпревар без никаква причина.

Минатата година бев на еден спортски натпревар каде имаше една парола која ги повредуваше чувствата на другите кои беа присутни на тој натпревар и судиите го прекинаа тој натпревар. Меѓутоа, во овој случај се запали албанското знаме, се извикуваа разни нечовечки пароли и никој во ниту еден момент ниту човечки ниту морално не виде за упатно да го прекине овој спортски натпревар.

Додека сме тука во рамките на овој закон се дава поголема надлежност или компетенција на полицијата, тоа би го нарекол во ред, но за жал, токму на овој натпревар десет единици на полицијата на отворено јавно место на најварварски начин малтретираа неколку млади албанци, симпатизери на клубот Ренова.

Што е најлошо над 20 лица се притворија во полициската станица и на варварски начин беа малтретирани. За сето ова има факти и докази.

Затоа би ве замолил, би ја замолил целата јавност во име на човечноста да го смени менталитетот затоа што овој закон е само маска да се има убава слика, но реално работите треба од корен и убедувањето од корен треба да се менува и да се има меѓусебна почит меѓу сите оние што се спортски протагонисти. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа дека господинот Рафис Алити не е присутен тука, го губи правото за збор.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за изменување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Службите да утврдат точен број на пратеници, ве молам.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата нема доволен број на пратеници за да може да се премине на гласање.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Има доволен број)

Во салата се присутни 63 пратеници.

Може полноважно да се гласа.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа сите 59 пратеници, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 54 пратеници, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 65 пратеници, воздржан нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

**Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закнот, со Предлогот на законот и извештаите на работите тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија заменикот министер за внатрешни работи, господинот Горан Сугарески и господинот Даут Реџепи.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Џевад Бучи:** Благодарам претседателе.

Правото на азил е регулирано и гарантирано со Уставот на Република Македонија, а подетално е регулирано со овој Предлог на закон односно Законот за азил и привремена заштита.

Имајќи го предвид стратешкиот интерес на Република Македонија за приклучување кон Европската унија се оди на измена и дополнување на овој закон за да се усогласи нашето законодавство со европското законодавство.

Во Националната програма на Владата на Република Македонија за интегрирањето во Европската унија усвоена за 2008 година во поглавјето 24 - Правда, слобода и безбедност, се утврдени измени и дополнувања на Законот за азил и привремена заштита со кои се брише хуманитарната заштита и се заменува со супстидијарна заштита која ја апсолвира и оваа хуманитарна заштита, а се оди кон авансирање на правото на оваа категорија лица.

Со предложените измени и дополнувања на Законот за азил и привремена заштита се оди кон авансирање на правото на оваа категорија на лица и тоа во смисла на давање на судска заштита која со овој закон по донесувањето на Одлуката од Одделението за азил која се дава од Министерството за внатрешни работи овие лица имаат право веднаш после таа одлука да поведат управен спор пред Управниот суд. Значи, на оваа категорија на лица им се дава судска заштита односно им се дава да одлучуваат за нивните права и должности, независна институција т.е. судот.

Со овие измени и дополнувања освен ова што го наведов се усогласува и овој закон со Законот за вработување на странци и Законот за социјална заштита како и со Законот за странци.

Исто така, се врши и некое терминолошко усогласување, како што го наведов порано.

Нормативните интервенции се во насока на овозможување на овие категории на лица своето право да го остваруваат непосредно по донесувањето на Одлуката од првостепениот орган односно од Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи.

Со предложените измени и дополнувања на овој Закон се врши усогласување со европските стандарди што е многу битно во исполнувањето на овој услов за Република Македонија за приклучување кон Европската унија.

Ова е краткото образложение на овој закон и доколку има прашања, подготвен сум да одговорам на прашањата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Почитуван претседател, коелги пратеници, почитуван замаеник министер за внатрешни работи.

Како членна Комисијата за одбрана и безбедност учествував во разгледувањето на овој закон и не останува дека имаме посебни забелешки како праеничка група, меѓутоа ме интересира, сакам да го искористам присуството на заменикот министер за внатрешни работи, кој на крајот од говорот кажа дека ќе ми одговори, бидејќи повереникот на Владата не ми одговори.

Велиме дека има усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија, зошто на овој закон нема знаменце на Европската унија и зошто нема кореспodentна табела.

Бидејќи не добив одговор на Комисијата добро е заменикот минситер за внатрешни работи да ми одговори на ова прашање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Даут Реџепи, повелете.

**Даут Реџепи:** Ви благодарам претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници,

Излегов на говорница со цел во име на предлозите, во наводници, се разбира во име на овие носења на нови закои кои подразбираат исполнување на критериуми или барања на регулативата на Европската унија, мислам дека се лажеме многу првенствено се разбира ЕУ, меѓуанродните иснтитуции но најмногу ја лажеме широката јавност, жителите на оваа Република и на крајот се лажеме себе си.

Мило ми е што денес има претставник од МВР, претходно нагласи еден голем случај на еден спортски натпревар и јас колку што имам информации ниту една мерка не е преземена од та полиција, на која и се даваат уште поголеми надлежности, каде таа е чинител или е страна на проблемите, или страна на кавгите до ескалација на состојбите.

Мислам дека и овој предложен закон во суштина има добри намери. Се нагласуваат згрижувања,

се нагласува спасување на животи преку законот, се нагласува хуманизмот, но паралелно со ова ќе обелоденам и сакам да им кажам на сите граѓани и луЃе, но и на меѓународните иснтитуции сакам да им укажам дека во Република Македонија има над 60 илјади лица, пред се кои се  без решен статус, значи без статус на нивен престој овде.

Имајки го предвид овој факт сакам да направм неколку споредби.

Со правото на азил се стекнува економски , се ослободува од гонење, се спасува семејството, но не и имотот. Од друга страна иамме жители кои се родени овде, или кои склучиле бракови, кои имаат долг временски период што живеат овде и имот, посед, но и покрај тоа немаат право на државјанство.

Имајки го во предвид фактот дека откако е уредено со закон по неколку години,на пример да стекне државјанство и патна исправа ние доаѓаме во спротивност со една реалност која не засега со години.

Јас познавам доста лица кои имаат државјанство, имаат бракови од разни региони и територии, се говори воглавно за Албанци кои немаат државјанство, а нивните деца немаат државјанства. Значи мајката и таткото имаат, а родителите немаат право.

И овде има секако пречки, разни бариери по шалтерите каде тие бараат решение на нивниот проблем.

Мислам дека овде администрацијата, воглавно МВР, се разбира е кочничарот или блокаторот на сите овие процедури. Уште еднаш ќе нагласам, има над 60 илајди албанци на кои им припаѓа државјанство, а не им се дава.

Мислам дека паралелно со овие вградувања на закони или со нови закони за кои мислиме да се покажеме дека сем ги исполниле европските критериуми мислам дека повторно правиме една камуфлажа или маскирање за да ја скриеме реалноста.

Значи, овде не треба да се оди со изигрувања, со лажења колку за да се рече за да добиеме поени од меѓуанродните институции. Реалнсота во детали во многу други области од живеењето се болни, а овде како што нагласив претходно треба да се измени размислувањето. Ние можеме да се лажеме од ден на ден, сме лажеле со месеци и години, но на лагата и се кратки нозете и еден ден ќе излезе на виделина, или излегува на виделина. Имаме индикации, и последнит оизвештај говори сам по себе. Ако влеземе во детали со овие зиг заги кои ги правиме ќе излеземе смешни и едноставно изигрувачи. Се употребува една тактика од времето на Југославија. Се употребуваат тактики или теории на доаѓањето на Сталин на валст. Се крши врз главите на заедниците. Се крши врз главите на луѓето. Се газат со две нозе слободите на граѓаните. Затоа би побарал со што побрзи постапки да дојдат до израз и да се решат проблемите кои ги засегаа тподолго време и кои се тешки за нашите граѓани, бидејки има многу проблеми на теренот, има многу загриженост на теренот, човекот е роден овде и бара документ, а му даваат една зелена лична карта со која во секој момент е загрозен да се депортира од државата, од своајта држава треба да се депортира во друга држава, што е во спротивност со начелата кои можеме да ги наречеме како хумани.

Законот за азил знаеме бидејки многу Албанци беа азиланти, многуте за политички причини, имало и кои ја искористиле состојбата, и економската состојба. Мислам дека ние како заедница знаеме добро што значи да се биде азил и зошто се дава азилот. Затоа мислам дека, и се надевам истовремено дека азилот нема да се залоупотреби за да се придобијат одредени заедници и да се придобијат поголем број жители.

Значи, барам извинување од сите тие кои можат утре да бидат, или денес се  азиланти, не сакам погрешно да бидам сфатен, но индикациите ме воведуваат кон ова.

Ви благодарам за трпението. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки е исрпена листата на пријавениз а збор констатирам дека претресот е завршен.

На Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупо гласале 65 пратеници. Сите 65 гласале за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупо гласале 62 пратеници. Сите 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претрес и Предлогот на законот.

Отоврам претрес по текстот на предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавени за збор, констатирам дека претресот на текстот на Прелдогт на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупо гласале 65 пратеници. Сите 65 гласале за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека Собраниетого доенсе Законот за изменување и дополнување на Законот за азил и превремена заштита.

Почитувани пратеници согласно член 78 став 2 од Деловникот на Собранието на Република

Македонија предлагам точката 3, која што претходно ја помместивме да биде точка 27, да биде разгледувана пред 13-та точка.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупо гласале 55 пратеници. Сите 55 гласале за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Република Македонија и Република Полска за уредување на билатералните договорни односи , со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се досџтавени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се приајват за збор.

За збор се пријави пратеникот Роза Топузова Каревска.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри од Владата на Република Македонија.

Јас сосема накратко би сакала да го поздравам донесувањето на оваа спогодба во Собранието на Република Македонија, се надевам дека нема да има пратеник кој што би гласал против овој предлог за донесување на закон за ратифиакција на спогодбата меѓу Република Македонија и Република Полска, со која што се уредуваат билатералните договорни односи со Република Полска.

Овој договор е потпишан во Варшава на 9 мај 2007 година. Во самата спогодба има содржано два анекси. Во анексот број 1 се содржани договорите кои што се потпишани пред осамостојувањето на Република Македонија, меѓутоа некои од нив се обновени, некои се уште се во важност и едни кои што престануваат да важат. Се надевам дека со ова, говорамкако претседател на парламентарната група за соработка со Република Полска, ќе се зајакнат биалтералните односи со оваа нам пријателска земја и ќе продолжи соработката која што е остварувана во многу области.

Ја користам можноста што тука е присутен и почитуваниот минситер за образование и наука и се надевам дека многу брзо ќе биде потпишан и договорот за научна соработка со Република Полска, до толку повеќе што Македонија имаше одлична соработка со оваа земја како во науката така има одлична соработка со полската Академија на науките, која што резултираше со многу објавени трудови и многу значајни кои што дадоа придонес во областа на науката како за Република Полска така и за Република Македонија.

Исто така се надевам дека многу брзо ќе биде потпишан и договорот за соработка во областа на културата, кој што според моите информации веќе се наоѓа во Министерството за култура и чека за потпис и се надевам дека ќе биде многу брзо решен еден проблем кој што се наметна, а е од големо значење за нашата земја односно Република Македонија ќе испрати конечно лектор кој што ќе може да предава на Катедрата за македонски јазик. Според  моите сознанија во Полска има значителен број на студенти кои што пројавуваат интерес да го студираат македонскиот јазик.

Мислам дека овие прашања многу брзо ќе бидат затворени и со тоа ќе ја продолжиме успешната соработка која што ја имале овие две земји во минатото, вклучувајки го и времето пред осамостојување на Македонија како и по осамостојувањето.

Ќе дадем подршка како пратеничка група на ЛДП на оваа спогодба и ќе нагласам дека се надевам дека нема да се заврши само на ова, туку напротив оваа спогодба ќе биде поттик за успешна соработка меѓу овие две земји.

Тука ќе го вклучам и особенио тинтерес кој што го покажува амбасадорот на Република Полска за воспоставување на билатерални односи во голем број на области кои што можат да дадат значајни резултати во соработката. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е изцрпена листата на пријавени за збор констатирам дека претресот е завршен и на Собранието  му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Република Македонија и Република Полска за воведување на билатералните договорниодноси.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупо гласале 65 пратеници. Сите 65 гласале за, нема воздржани,нема против.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа сдница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупо гласале 60 пратеници. Сите 60 гласале за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во претресот по текстот на Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави министерот за надворешни работи, господинот Антонио Милошоски, повелете.

**Антонио Милошоски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Би сакал само на кратко да истакнам дека ратификацијата на оваа Спогодба ќе значи унапредување, осовременување и зацврстување на билатерално-правната рамка која ја имаат Република Македонија и Република Полска и ќе ја прошири базата за понатамошни договори во повеќе билатерални области. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласа сите 65 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Полска за уредување на билатералните договорни односи.

**Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за Државниот испитен центар, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија министерот за образование и наука, госпоѓа Грковска Лошкова Славица, господин Сугаревски Горан, господин Незири Сафет, госпоѓа Јаневска Наташа и господин Лазаревски Јован.

Има збор министерот за образование и наука, повелете.

**Перо Стојановсвки:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Целта на законот за основање на Државниот испитен центар е да се создаде правна основа за основање нова јавна установа што е самостојна во своето работење и што ќе организира и спроведува државната матура во средното образование и ќе учествува во екстерното оценување на постигањата на учениците односно наставниците во основното и средното образование како и оспособување на кандидатите за директори и нивно полагање, односно полагање испит за директор за основно односно средно училиште.

Поради процедурите што се неопходни за спроведување на сите овие активности, до сега функционално овие активности ги извршуваше Секторот за испити при Бирото за развој на образованието. Така што, со создавањето на правната основа, односно правната рамка за основање на Државниот испитен центар на некој начин ќе се направи деконцентрација на сите овие активности и едноставно, како самостојна јавна установа ќе може да ги извршува понатамошните активности. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Лошкова Грковска:** Почитуван претседателе, министре, колешки, колеги пратеници,

Денеска пред нас е Предлогот на закон за Државниот испитен центар, кој што со неговото усвојување ќе овозможи Државниот испитен центар што веќе постои во рамките на Министерството да има својство на правно лице, нешто што беше тенденција и кога беше формиран Државниот испитен центар на почетокот.

Овој испитен центар ќе има исклучително важна улога, заради тоа што на негов товар, на негова одговорност, ќе падне организацијата и спроведувањето на екстерното оценување за постигањата на учениците во основното и средното образование, нешто за што сите сме согласни дека е неопходно да се спроведува крајно професионално, доколку сакаме да ги анулираме сите оние аномалии што произлегуваат од досегашниот начин на оценување на учениците, намалување на корупцијата во образованието, намалување на субјективноста кај наставниците, меѓутоа истовремено и зголемување на одговорноста кај наставниот кадар и нивно обидување за непристрасно вреднување на знаењата на учениците.

Уште повеќе што овој државен испитен центар ќе има одговорности за подготовки за спроведување на матурата, за што имавме навистина проблеми при нејзиното реализирање во изминатиов период. Се надевам дека со ваквото почнување на функционирањето на Државниот испитен центар, нема повторно да се доведеме во ситуација, како што бевме пред извесен период, пред две години кога оваа владеачка гарнитура на ВМРО-ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери, од преголема желба да докаже дека претходната власт не направила ништо во овој

дел во реформите за спроведување на матурата, без сериозни причини го одложи спроведувањето на матурата за една година. Меѓутоа, во таа една година, не ја искористи, не ја употреби за регулирање на сите оние прашања, што истата ги наведе дека се причина за одложување на матурата. Тоа е неинформираност на учениците, неинформираност на родителите и недоволна подготвеност на Министерство за образование и наука за спроведување на матурата. Значи, во таа една година ниту беа добро информирани родителите, ниту беа информирани учениците, ниту пак Министерството уште подобро се подготви за да ја спроведе матурата.

Напротив, во непостоење на јасна концепција за тоа како треба да изгледа матурата, во давањето различни контрадикторни изјави за тоа колку и како ќе се полагаат предметите, беше воведена дополнителна конфузија за тоа колку предмети ќе се полагаат, кои ќе бидат тие, како ќе се спроведува матурата, што дополнително ја зголеми реакцијата на учениците кон матурата, но истовремено и на наставниците кон матурата, заради тоа што и тие беа дел од процесот.

Она на што ние укажувавме и предупредувавме е дека кога еднаш лесно и без сериозни аргументи ќе ја одложите матурата, како реакција на мала група на ученици, тогаш наредната година, од истите причини може да се јави поголема организирана група, што, мислејќи дека така лесно се носат одлуките, повторно ќе инсистира на одложување на матурата, заради тоа што, се разбира, е дополнителен товар на учениците.

Државниот испитен центар треба да овозможи санкционирање на досегашното недобро функционирање на Министерство за образование и наука и ставање точка на сите недоследности и нејаснотии при спроведувањето на матурата.

Меѓутоа, сакам да укажам на уште една работа, што може да предизвика проблеми при функционирањето во наредниот период.

Имено, кога веќе формираме закон за државен испитен центар, кога велиме дека тој ќе биде одговорен за сите есктерни оценувања и постигања на учениците, тогаш значи дека сите ингеренции за екстерно оценување на учениците треба да бидат на Државниот испитен центар. Сведоци сме дека пред неколку дена, минатата недела, во медиумите излезе конкурс за надворешни соработници за стручна работа на Бирото за развој на образованието за изработка на прашања за тестови за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците по одделни предмети, распишан од Бирото за развој на образованието. Ќе се доведеме во ситуација да имаме истовремено две исти институции што ќе вршат екстерно оценување на учениците, па макар нека е тоа и вонредно, односно нередовно.

Ингеренцијата Бирото за развој на образованието да оранизира екстерни вонредни оценувања на постигањата на учениците, мора да се одземе. Затоа што во спротивно ќе имаме двојство и нема да имаме доследност во спроведувањето на политиката за екстерно оценување на учениците било во основното, било во средното образование.

На овој начин сега не се знае под чии ингиренции и кои тестови ќе ги спроведува овој стручен тим на Бирото и во каква функција ќе бидат, дали ќе бидат во функција на спроведување на матурата или не, а од друга страна, со Законот за државен испитен центар ги даваме ингеренциите на Државниот испитен центар за екстерно оценување на учениците и за спроведување на државна матура. Значи, може да се доведеме во ситуација овие стручни тимови што ги врши Бирото за развој на образованието, дефакто да предизвика проблем во функционирањето на ингеренциите на Државниот испитен центар што денеска го формираме со закон.

Се надевам дека со амандманите што ќе бидат разгледани и евентуално прифатени од парламентарното мнозинство ќе придонесеме за добар закон за државен испитен центар, а Министерството останува да ја разгледа оваа можност за префрлање на сите ингеренции за екстерно оценување на Државниот испитен центар за негово функционирање како што треба, за да не ни се случат такви аномалии при спроведување на матурата и на екстерното оценување на учениците во основното образование, какви што ни се случуваа до сега.

(Со седницата продолжи да раководи господин Рафис Алити)

**Рафис Алити:** Има реплика министерот за образование, повелете.

**Перо Стојановски:** Благодарам потпретседателе.

Сакам само да појаснам некои работи.

Во законот јасно стои дека до формирањето на Државниот испитен центар Бирото за развој на образованието ги извршува истите активности, функционалните активности како и Државниот испитен центар. Знаете дека и сега Државниот испитен центар функционира како Сектор при Бирото за развој на образованието, како Сектор за државни испити. Што значи дека нема никакво дуплирање, туку напротив подготовка за успешна имплементација на овој закон.

Тоа што пред малку го прочитавте како конкурс, што е објавен за надворешни соработници во училиштата за изготвување на прашањата за реализација на национално стандардизираните тестови, значи станува збор за надворешни соработници, тоа е првата работа, и втората работа знаете дека во февруари односно март веќе ќе има тестирање, што значи мораме уште од сега да почнеме со подготовки. Не станува збор за дуплирање, туку за навремено подготување.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За контра реплика се јави Грковска Лошкова Славица.

**Склавица Грковска Лошкова:** Почитуван министре,

Ако знаете дека на денешнава седница ќе се разгледува законот за државен испитен центар што го добива правниот субјективитет и ако тестирањата се дури во март, тогаш мислам дека е, благо речено, несериозно да распишувате една недела, неколку дена пред изгласување на овој закон конкурс со кој што Бирото за развој на образованието ќе ги бира тимовите кои треба да го вршат оценувањето, што ќе биде во ингиренции на Државниот испитен центар веќе за една недела.

Ако навистина сте имале вакви согледувања, ако имате сериозна стратегија, ако сакате да ги извршите подготовките на време, тогаш немаше ништо да чини да почекате да се изгласа законот за државен испитен центар, тоа значи денес, а потоа да го распишете конкурсот, доколку сакате да нема двојство во функционирањето.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Реплика има господинот Грозданов Цветко.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас би реплицирал на госпоѓа Лошкова во два сегменти, а на едниот се осврна и министерот.

Тоа е постепено одземање на ингеренциите од Бирото за развој на образованието и префрлање во она што се нарекува државен испитен центар. Нема да оди двојбено, туку ќе оди онака како што е замислено, со тоа што во дадениот момент, она што се конкурсите од институцијата што веше постои е нормално и да распише конкурс за да може да се обезбеди квалификуван кадар кој би можел понатаму да работи во овој државен испитен центар.

Околу невистините или шпекулациите што ги изнесе госпоѓа Лошкова, ќе напомнам само дека е точно дека матурата една година беше одложена госпоѓо Лошкова. Но, не ги спомнавте причините зошто беше одложена. Како ВМРО-ДПМНЕ тогаш укажавме на фактите дека она што се работело од времето на СДС, тој почеток не е доволен и не е сериозен пристапот кон она што е воведување на државна матура.

Еден од тие показатели госпоѓо Лошкова беше и пробната матура што се одржа. Само да ве потсетам дека некаде од 70% од учениците на таа пробна матура имаа негативни оценки.

Од оваа причина беше одложена матурата или полагањето матура во таа година, за да подоцна, кога вие баравте повторно да биде одложена, значи апсурдот е што претходно баравте да биде воведена, а наредната година баравте да биде одложена матурата.

Ќе напомнам дека само оваа година само 86% од учениците во средното образование успешно ја положија матурата. Тоа е голем прогрес за прв пат воведување на она што значи полагање на матура, поточно државната матура. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За контра реплика госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Неверојатна леснотија на кажување невистини. Заборавивте дека вие бевте тие кои баравте да се одложи матурата. Ние велевме дека не треба да се одложи затоа што нема сериозни аргументи за тоа. Заборавате дека првото тестирање што беше направено, беше направено за да се провери како функционира механизмот на спроведување на матурата повеќе, отколку да се провери знаењето на учениците.

Мене ќе ме изненадеше ваква дискусија да доаѓа од некој кој не доаѓа од образованието. Меѓутоа ете и тоа се случува. Секакви луѓе има во образованието, па затоа не можеме да се пофалиме во некои делови со некој квалитет во наставата.

Инаку, не е нормално да се распише конкурс за надворешни соработници за екстерно оценување кога знаеме дека за една недела ќе имаме правен субјект што ќе има обврска исклучиво да се занимава со екстерно оценување на учениците. Меѓутоа, очигледно за вас во оваа држава се нормални работи што за други луѓе не се.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Збор има пратеникот Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеци, почитуван министер за образование.

На почетокот би сакал да укажам дека Владата има тенденција за овој Предлог закон да дојде на оваа седницаи добро е што конечно ќе се доконституира оваа институционална форма за спроведување на државната матура.

Тука би сакал да кажам дека оваа работа, иако е направена уште во 2004 година, гледам дека и Министерството за образование и наука држи континуитет во оваа работа и добро е конечно овој Државен испитен центар да биде конечно одделен од Бирото за развој во образованието. На тој начин, нормално со Националната програма за образование 2005-2015 година, нормално овој Државен испитен центар би си ги добил своите надлежности, како што е кажано и во самата програма. Сега тука би сакал да поставам неколку прашања до Министерот за образование, се надевам дека ќе добијам и одговор.

За одбележување е членот 5 каде е дефинирано прашањето на Управниот одбор на Државниот испитен центар. Се поставува прашања зошто се избрало решение за мандатите на членовите на овој Управен одбор да биде од 6 години односно зошто не е предвидено тие мандати да бидат скалести односно различни мандати за различни членови на различните органи кои се делегирани. На тој начин мислиме дека ќе се обезбеди континуитет во работата на Управниот одбор т.е. нема истовремено да се разрешуваат сите членови на Управниот одбор, туку периодично дел по дел, како што е на пример случајот со

Советот за радиодифузија, Комисијата за агендцијата за електронски комуникации итн.

Добро е од што интеруниверзитетската конференција исто така се обезбедува учество на универзитетите во спроведувањето на овој матурски испит.

Во членот 6 е воспоставена функција, претседател на Управниот одбор. Се поставува прашања кои надлежности би ги имал тој, да управува со управниот одбор, дали би имал други надлежности во поглед на управувањето со центарот, дали е тој прв меѓуеднаквите во Управниот одбор. Меѓутоа тоа не е дефинирано ни со член 7 ни со член 8. Добро би било да се дефинира за да нема недоразбирање.

Во членот 9 велите директорот се избира за мандат од 5 години. Зошто не 4 како што е вообичаено? Кое е објаснувањето и која е идејата. Дали може да се добие образложение за тоа.

Во членот 16 - Надзорот над работењето го врши и Министерството за образование и наука. Како Министерството ќе го санкционира лошото работење на Управниот одбор и директорот, ќе го смени преку предлог до Владата, ќе ги суспендира лошо донесените решенија? Мислам дека ќе постои простор за правно попрецизно обликување на овој член. Во секој случај добро би било да добиеме образложение од страна на министерот за образование.

На крај, дали постои простор за вметнување на нови членови со казнени одредби кои што најчесто во сите закони се преземаат од Законот за прекршочни казнени одредби во кои освен во најкрупниот прекршок дефиниран во член 17, во врска со членот 14, постојат и поситни грешки, за кои ќе има санкции со парични казни. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам господине потпретседател, господине министер, почитувани пратеници,

Сведоци сме на еден реформски процес, да го наречам така условно, и во нашето општество и во политичкиот и во правниот систем, меѓутоа, образовниот систем во Република Македонија претставува еден од многу значајните сегменти во процесот на подигањето на свеста на воспитно образовната свест во Република Македонија. Можеби сме една од државите што сметам крајот на процесот на реформи, реформите во образовниот систем. Но, како и да е, мислам дека смелите чекори го прават тоа што навистина образовниот систем во Република Македонија треба да биде во согласност со одредбите и барањата на законодавството на Европската унија, што е еден од основните предуслови. Значи образовниот систем како сегмент во нашето општество да содејствува со барањата на Европската унија.

Мислам дека со овој Државен испитен центар ќе се рас терети оптеретувањето на Бирото за развој на образованието кое биро е оптеретено со овие реформи кои се случуваат сега во образовниот процес во Република Македонија. Само по себе се наметнува потребата од основање на еден нов правен систем или институција што е воглавно со четирите основни столбови на делување на овој дел од институциите во Република Македонија. Тоа е Државниот испитен центар. Кои елементи ги има истиот: државна матура за средно образование, надворешно оценување за основното и средното образование, подготовка на директори и проценка или оценка на директорите за стекнување на сертификат за вршење должност директор во овие институции или установи во основно и средно образование.

Кои се основните предуслови: квалитетно образование во основните и средните училишта.

Зошто се говори за квалитетно образование? Секогаш ние сме сведоци на случаи, честопати можеби сме дошле и во конфликт со високо обрзовните институции кои се делови на универзитетите. Се вели дека ни доаѓаат студенти во прва година и во текот на студирањето кои доаѓаат со различен успех односно можеби со одличен успех, меѓутоа, нивните познавања и проценките во овие училишта во Република Македонија секогаш било со одредени перипетии и големи разлики. Тоа се прави со цел навистина да се надминат сите овие разлики, по можност да се создадат сигурни, безбедни и добро дефинирани параметри, за тоа како да го имаме под контрола образовниот систем во Република Македонија. Тоа може да се направи само преку надворешно оценување на учениците во основните и во средните училишта. Врз основа на тие оценувања ученикот нема да се оштетува, туку ќе се добијат инфорамции за тоа како наставникот во воспитно образовниот процес го развива тој процес и каква му е проценката. Врз основа на тоа ние можеме да констатираме дека наставникот во едно училиште или образовна установа ја врши или е ја врши својата работа така како што треба. Значи, тоа е еден од елементите при надворешното оценување.

Понатаму државниот испитен центар има обврска во рамките на државниот испит да изготви и унифицирани тестови, стандардизирани тестови за сите средни училишта во Република Македонија, што значи ќе се институционализира, или пак да не кажам централизација во оваа насока на проценката или оценката и да немаме различни тестови за еден или за друг регион, за еден или друг град или за една или друга општина или училиште.

Што се однесува на испитот, полагањето и оценувањето на испитот за директор на основно и средно училиште, до сега тоа било преку акредитирани установи или институции во Република Македонија, меѓутоа сега врз основа на резултатите кои се дојдени во образовните

институции, поаѓајќи од МОН и Бирото за развој на образованието, секогаш доаѓале различни резултати со различен квалитет. Нема да навлегувам во тоа дали се слаби или се добри, меѓутоа со различни квалитети тука не би можело да се добие правилна метода за сите инстанци или пак акредитирани установи до сега. Сега има една единствена методологија за работа овој државен центар. Значи програмата и планот за обука на идните директори се прави од една институција. Меѓутоа, исто така и оценката се прави од еден единствен центар.

Мислам дека тука можеме да најдеме и забелешки и сугестии односно секогаш може да има и пропусти, меѓутоа мислам дека формирањето на една установа или институција која ќе ги опфати основните параметри без некој голем пропуст, мислам дека тоа одговара на нормите, времето и средината. Но, како и да е, мислам дека ќе биде успешен како центар. Доколку има пропусти, нормално ние ќе бидеме во состојба и овие прашања да ги надминеме со некоја итна промена. Благодасрам.

**Рафиз Алити:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Наташа Јаневска, повелете.

**Наташа Јаневска:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Добро е што овој закон за формирање на Државниот испитен центар еве дојде на дневен ред и во Собранеито каде ние пратениците би требало да го изгласаме. Токму заради тоа би дала едно свое видување зошто треба да се формира односно зошто треба да постои една ваква инситуција како што е Државниот испитен центар. Се е тоа во целост за реформите што треба да се спроведат во образованието, се во интерес за подобрување на квалитетот на образованието во нашата земја.

Со воведувањето на матурата и изгласувањето на промените на Законот за основно и средно образование во кој се предвидува и интерното и екстерното оценување, односно објективната проверка на знаењата и вештините на учениците, еднаш ќе се стави крај на нереалните оценкиј кои ги добиваат учениците, крај на слабиот квалитет и квантитет на знаењата на учениците и крај на нереалните желби на родителите кои во трката за оценки забораваат на квалитетот на знаењата што ги поседува нивното дете.

Проверката на знаењата на всушност би значело и поголем поттик за учениците, за стекнување токму на такви квалитетни знаења, трајни знаења и тие ќе бидат свесни дека нивната оценка претставува одраз на нивното реално знаење, а со оценувањето на наставниците ќе добиеме еден квалитетен тим на наставници кои ќе имаат поголема мотивација во својата работа на начинот на формирањето и изведувањето на наставата и воведување на нови наставни форми и методи. Но, истовремено би претставувало и стремеж за едно квалитетно оценување на учениците, без притисоци од страна на родителите.

Истовремено преку проверката на знаењата ќе се откријат и сите оние позитивни и негативни состојби што ни се провлекуваат во образованието, со цел дас се корегираат и да се отстранат таквите негативни состојби.

Меѓутоа, вреднувањето на знаењата на учениците треба да се врши перманентно, објективно и стручно и токму затоа е потребно да се изготват доброосмислени и квалитетни тестови, задачи, и испитни програми кои ќе се спроведуваат во сите основни и средни училишта. Заради тоа се наметнува и потребата од формирање на една ваква институција како еден правен субјект кој ќе биде одвоен од Бирото за развој на образованието, институција која има точно прецизирани надлежности, како што е Државниот испитен центар од кој ќе се очекува да се зголеми квалитетот за изработка на стандардизирани тестови и строго професионално и без пристрасност ќе се врши вреднување во сите основи на знаењата на учениците, во сите основни и средни училишта.

Оваа институција истовремено ќе врши и квалитетна подготовка и испитување на кандидатите за директор, со цел да се создаде квалитетен раководен тим кој ќе може да се носи со сите предизвици во училиштето и кој истовремено ќе може да создаде една пријатна клима за учење и за живот на учениците. Со тоа ќе се стави крај на се она што е неквалитетно, непрофесионано и нестручно, како раководен менаџерски кадар.

Во овој момент ни се наметнува и идејата дека во иднина би требало да се спроведува и начинот и стручниот испит за наставници и со тоа би се заокружила една целина во работата на Државниот испитен центар. Истовремено испитниот центар ќе создаде и база на податоци од сите испитувања и оценувања на учениците од основните и средни училишта, од полагањето на државната матура и од завршниот испит и преку тие податоци би се следеле негативните и позитивните состојби со цел навремено да се реагира. Токму за тоа и ќе го поддржам формирањето на овој Државен испитен центар. Благодарам.

**Рафиз Алити:** Благодарам и јас, има збор пратеникот Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам потпретседателе,

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Испитниот центар постои веќе неколку години и тој во овие години се градеше, се опремуваше како просторно со опрема и најважниот дел, кадровски. Овој центар направи веќе две или три пробни матури и за оваа 2008 година ја одржа и првата Државна матура односно испитот за Државната матура кој беше успешно реализиран.

Како што слушнавме и како што пишува во образложението, овој центар до сега функционираше во рамките на Бирото за развој на образованието и сега со овој закон всушност се осамосталува овој центар, добива статус на

правно лице со Управен одбор и директор кои ќе раководат со истиот.

Сега со Законот, покрај државната матура, неговите надлежности се проширени. Тој ќе биде надлежен и за екстерното оценување на учениците во текот на целото свое школување, како и тоа Центарот ќе врши и обука на дирктори и испити за директори во Државните основни и средни училишта.

Ќе беше добро ако во овој центар се вршеше и полагање на приправнички испити на наставниците во Државните училишта. Но, претпоставувам сега во овој момент би било подобро да остане вака, а во блиска иднина кога овој Центар целосно ќе се етаблира, ќе ја добие и оваа функција, односно оваа функција ќе биде пренесена од надлежност на Министерството во надлежност на овој Центар.

Јас исто така го делам мислењето на моите колеги што претходно зборуваа дека со воведувањето на оваа екстермно оценување и државната изборна матура, всушност се подига квалитетот на образованието на Република Македонија, се воедначува оценувањето и се разбира се елиминираат сите негативни последици кои ги има во училиштата, како што е притисок од родителите итн., за барање сите ученици да бидат одлични. Сега веќе тоа не може така да биде, бидејќи на првото екстерно оценување ќе се види фалинката на таквото оценување. Сметам дека целото образование во Република Македонија на овој начин ќе го подигне својот квалитет.

Јас нема многу да должам, ќе го поддржам донесувањето на овој зако и ќе гласам за истиот. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарма и јас.

Бидејќи е исцрпена листата пријавени за збор, консттирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Државниот испитен центар.

Пред да преминеме на гласањето, ги повикувам пратенмиците да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

(Нема кворум за гласање)

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои не се присутни во салата да влезат во салата за да гласаме.

Објавувам пауза од 15 минути.

Истовремено ги повикувам координаторите на пратеничките групи да обезбедат доволен број на пратеници во ссалата за да можеме да гласаме.

Објавувам пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи во 16,57 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата има 57 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум)

Продолжуваме со работа.

Во салата има повеќе од 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, сите 58 гласаа за , нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандмани на член 3 алинеја 2 и 4; член 7 став 1 за бришење на алинеја 2 и за додавање нов член 9-а по членот 9, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петтров поднесоа амандмани на член 3 алинеја 9, член 3 алинеја 10, член 3 за заменување на алинеја 19, член 5 став 3, член 5 став 4, член 8 за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, член 9 став 5 алинеја 3, член10 став 4 и на член 14 став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 алинеја 2 и 4, поднесен од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот на образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски**: Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 алинеја 9, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот на образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски**: Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор. Благодарам.

За збор се јави и има збор госпоѓица Тушева Маринела.

**Маринела Тушева:** Благодарам претседателе.

Овој амандман се однесува на делокругот на надлежностите на Државниот испитен центар. Во конкретниот член 3 алинеја 9 зборот “определува” се заменува со зборовите “оспособува, усовршува и издава лиценци за локални координатори и тестатори за реализација на ектерните испити во државната матура”.

Овој амандман се поднесува со цел да се влијае врз подобрување и зголемување на компетентноста на локалните координатори. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници.

Од нив за амандманот гласаа 4 пратеници, воздржани нема, против гласаа 54 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 60 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата сега има 61 пратеник.

Повторно го ставам амандманот на гласање.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 5 пратеници, воздржани нема, против гласаа 58 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 алинеја 9, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 алинеја 10 поднесен од пратениците Славица Гроковска Лошкова и Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот на образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски**: Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 2 пратеници, воздржани нема, против гласаа 54 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 61 пратеник, полноважно е гласањето.

Констатрам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 алинеја 10, понесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на алинеја 19, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот на образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски**: Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор госпоѓица Тушева Маринела.

**Маринела Тушева:** Благодарам претседателе.

Овој амандман се однесува на членот 3 алинеја 19, каде вели: “ги прибира, обработува, анализира” и овде се додава зборчето “објавува резултатите од екстерните испити”, со цел да се зголеми транспарентноста во работењето на Државниот испитен центар и заради допрецизирање на оваа одредба. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника. Од нив за амандманот гласаа 5 пратеници, воздржани нема, против гласаа 57 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за менување на алинеја 19, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 3, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот на образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски**: Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор. Благодарам.

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник. Од нив за амандманот гласаа 5 пратеници, воздржани нема, против гласаа 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 3, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 4, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот на образование и наука, повелете.

**Перо Стојановски**: Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 4 пратеници, воздржани нема, против гласаа 55 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Во салата има 62 пратеника полноважно е гласањето.

Констатирам дека Собранието не го освои амандманот на член 5 став 4, поднесен од пратениците Славица Грковска Лопшкова и Андреј Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 за бришење на алинеа 2, поднесен од Комисијата за образование, наука и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете министре.

**Перо Стојановски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нова алинеа 3 по алинеја 2, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете министре.

**Перо Стојановски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 5 алинеа 3, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете министре.

**Перо Стојановски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 4 пратеници, од гласањето не се воздржа никој и против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 5 алинеа 3, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 5 алинеа 3, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Перо Стојановски:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 9-а по членот 9, поднесен од Комисијата за образование, наука и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете министре.

**Перо Стојановски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 4, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете министре.

**Перо Стојановски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1, поднесен од пратениците Славица Грковска Лошкова и Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука, повелете министре.

**Перо Стојановски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завешен.

Ве посетувам дека согласно точка 2 од Амандманот Џ од Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник. Од нив за Предлогот на законот гласаа 60 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаше 1 пратеник.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 13 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 13 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за државниот испитен центар.

**Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работите тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот Џ од Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор министерот за образование и наука, повелете министре.

**Перо Стојановски:** Благодарам претседателе.

Причините за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието произлегуваат од потребата за усогласување на Законот за бирото за развој на образованието со одредбите од Законот за основно образование, Законот за учебници за основно и средно образование, Законот за средно стручно образование и обука, како и предлог за донесување на Законот за државен испитен центар.

Исто така со донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието се врши поделба на надлежностите помеѓу органите на државната управа и јавните установи кои вршат дејност од јавен интерес од областа на образованието. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот е завешен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 61 пратеник, од гласањето се воздржа 1, против нема никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да го претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници. Од нив за предлогот гласаа сите 62 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница се да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јави и има збор госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господне претседател, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Овој закон секако треба да се подржи бидејќи претставува една мала дополна и техничко доусовршување на претходните верзии на овој закон, како што и самиот министер објасни, со тоа што би сакала да обрнам внимание само на некои аспекти за работата на Бирото за развој на образованието.

Ова е многу важна институција инзвонредно важна институција во земјава и не сум убедена дека и се посветува доволно внимание. Притоа мислам посебно на тоа какво внимание добива како подршка од страна на севкупната заедница меѓутоа и како се третира вработувањето на кадри во Бирото за развој на образованието. Мислам дека со години по ред имаме недостиг од кадри во тие рамки, а секоја чест на професионалци поединци кои навистина вложуваат максимум и даваат огромен придонес за таа институција. Меѓутоа, морам да кажам дека се чувствува недостиг на кадри кои што знаат на современ начин да работат на програми на анализа на постоечки програми во земјава на анализа на програми за учење во други земји и споредбено да можат да направат релевантни согледувања од кои што ќе излезат добри, здрави програми во сите степени на образование.

Мислам дека многу пати сме зборувале и не сакам да го злоупотребувам вашето трпение сега за тоа, меѓутоа во Република Македонија во просек земено имаме лоши учебници, имаме лоши програми, имаме програми што не даваат кадри кои се доволно описменети, доволно кадарни, доволно спремни да се носат со потребните на времето. Мислам дека тоа се должи токму на прилично лабавиот однос кон Бирото за развој на образованието и недоволното можеби целосно внимание што му се посветува од страна на севкупната заедница. Јас само како пример ќе се осврнам на еден аспект, на учебници по македонски јазик затоа што во тек е Годината за македонскиот јазик 2008-мата и во тие рамки беа вршени одредени сондирања на мислења по разни области во кои што се употребува македонскиот јазик. Меѓу нив беше и темата "Македонскиот јазик во наставата".

Од расправите што беа одржани со наставници, професори, ученици, родители на ученици итн, се донесоа заклучоци кои ги доставивме, ги знае и министерот за образование и наука. Во тие заклучоци јасно се укажува дека учењето по македонски јазик е несоодветно најпривин според програмите, бидејќи програмите по македоски јазик се несоодветни, пренатрупани со податоци, пренатрупани со елементи, со лоша методологија и во одредени години се просто натрупани, затрупани со премногу податоци кои што малите главчиња на нашите деца едноставно не можат да ги примат.

Како пример посебно е посочено петто одделение кога се учи севкупната граматика, правопис, морфологија, синтакса итн, и кога треба во една година да се поминат сите правила за правилно говорење и пишување на македонскиот јазик, а сето тоа е преобемно, не може да се прими, не може да се предаде и најдобриот наставник тоа не може да го совлада и децата поминуваат насила просто преку тие програми, се создава отпор кон предметот македонски јазик и знаењето е лошо. Од петто одделение натаму повторно има натрупаност меѓутоа некакво повторно повторување и не соодветно за тоа што децата на таа возраст можат да го примат.

Понатаму, како втор заклучок од јавната расправа за Годината на македонскиот јазик беше дека учебниците што се пишувани според овие програми за македонски јазик се исто така несоодветни затоа што во многу од нив стилот на искажување е несоодветен на возраста на децата на кои им се обраќа. И затоа ни се случува децата често пати не можат да го разберат тоа што се пишува и повторно да се создаде кај нив отпор кон предметот македонски јазик и заклучок беше и замолница од Министерството за образование и наука, еве, ја користам и оваа прилика во име на Одборот за македонски јазик што како владин проект функционира оваа година, да се обрне внимание на новите наставни програми по македонски јазик, да се обрне внимание на нивите наставни помагала или онаму каде што не било предвидено да се направи уште еднаш ревизија дали тоа соодветствува на потребите и на можностите и капацитетот на децата од тие возрасти и да се направи обнова на тие програми и тие наставни помагала.

Инаку како родител на дете кое што е сега во шесто одделение исто така би сакала да додадам дека и по многу други предмети и програмите и учебниците не соодветствуваат на она што децата можат да го примат, на она што би требало да се прими, а да не зборуваме дека посебен проблем е јазикот на учебниците каде што македонскиот јазик како по правило речиси во секој учебник се употребува преполн со грешки, граматички, лексички, правописни итн, и просто има учебници кои што мислам дека е чудо како можеле институции како што е Бирото за развој на образование и други педагошки служби итн, да го пропушта. Значи, едно обрнување внимание затоа се јавив токму да зборувам за овој закон, измени и дополни на Законот на Бирото за развој на образованието бидејќи имаме нов министер кој што е голем ентузијаст во своето работење кој посебно го почитувам и само обрнување внимание дека навистина треба многу сериозно да се разгледа ова за што зборував и дека треба да се види во Бирото за развој на образованието со колку соодветен кадар се располага и ако треба да се дополни со луѓе кои навистина ќе можат да одговорат на задачите.

Притоа, уште еднаш посебно истакнувам заложби и напор на луѓе кои се врвни професионалци, но без доволно екипа, без критична маса, не можете да постигнете резултат.

Уште еден елемент што е многу битен инсистирам и ќе бидам многу заинтересирана во иднина да видам како Бирото за развој на образование ќе ги носи идните програми и учебници од гледна точка на тоа очекувам во иднина да се подобри работата со консултирање на широки тимови стручњаци од разни области.

Имам впечаток дека учебниците со години по ред се прават во затворени, некакви кругови, дека честопати некој друг интерес е пред интересот на образованието и на децата. Можеби искажав малку и потешки зборови во некоја смисла, меѓутоа свесна сум за се што кажувам и стојам зад сево ова, би сакал праксата да ме демантира. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за предлогот на законот гласаа сите 63 пратеници, против нема никој, воздржан нема никој.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 14 пратеници, од нив за предлогот на законот гласаа сите 14 пратеници, против нема никој, воздржан нема никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието.

**Точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија, заменикот министер за транспорт и врски, господинот Савевски Саве, господинот Ќуркчиев Никола, господинот Чинговски Томе, господинот Лазарев Јован, госпоѓата Димевска Катерина и господинот Минчев Горан.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски, повелете.

**Љупчо Димовски:** Почитувани пратеници,

Уште на почетокот сакам да ја истакнам потребата за донесување на овие мали но, многу значајни измени и дополнувања на Законот за градежно земјиште, а тоа е создавањето услови за поголем развој и финансиска самостојност на општините во процесот на децентрализацијата.

Законот за градежно земјиште се донесе во јули 2008 годинаи со истиот член. Во член 14 став 5 е предвидено средствата од оттуѓувањето и од закупнината на градежното земјиште, сопственост на Република Македонија, да се уплатуваат на сметка на Буџетот на Република Македонија.

Приходите од овие средства се распределуваат во соодност 60% за Буџетот на Република Македонија и 40% за општините, односно општините од подрачјето на градот Скопје и град Скопје, во зависност од местоположбата на градежното земјиште кое е предмет за отуѓување, односно давање под долготраен закуп.

Во насока на стимулирање на понатамошниот развој на општините, а имајќи ја во предвид и финансиската состојба во истите, Владата на Република Македонија одлучи да предложи измени со кои 80% од средствата за отуѓувањето, односно закупот на државното неизградено градежно земјиште, ќе се слеваат во Буџетот на самата општина и општините од подрачјето на градот Скопје, во зависност на местоположбата во која се наоѓа предметното градежно земјиште, а само 20% за Буџетот на Република Македонија .

Исто така, со измените по ставот 5, се додава нов став 6 со кој се уредува соодносот за распределба на средствата помеѓу општините од подрачјето на градот Скопје и самиот град Скопје, а тој соодност на распределба изнесува 50% за општината од подрачјето на градот Скопје и 50% за самиот град Скопје.

Понатаму, со Законот се предлагаат решенија за начинот на плаќање на овие средства, односно дека само 20% можат да се плаќаат со обврзници, бидејќи овој износ од отуѓувањето и давање на закуп на земјиштето, е приход на Република Македонија, а останатите 80% да се плаќаат во денари, кои ќе бидат приход на општините, општините од градот Скопје и самиот град Скопје.

Останатите одредби се преодни одредби со кои се регулираат веќе отпочнатите постапки и начинот на нивно завршување со што се

предлага истите да завршат согласно прописите за градежно земјиште, што важеле до денот на влегување во сила на овој закон.

Со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, не се предвидува зафаќање на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

На крајот би сакал уште еднаш да истакнам, дека со предложените измени и дополнувања на Законот за градежно земјиште Владата на Република Македонија, прави чекор напред кон давањето подршка за зајакнување на општините во процесот на децентрализација. Ви благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Савевски Саве.

Во моментот во салата не е присутен, го губи правото за збор.

Има збор Ќурчиев Никола.

**Никола Ќуркчиев:** Па нели рековте во понеделник.

**Трајко Вељаноски:** Добро, тука ја прекинуваме седницата, продолжуваме во понеделник во 12,00 часот со истата седница. Благодарам.

(Седницата прекина во 17,46 часот)